## *"INTERNATIONAL FASHION DAYS" – May 23rd – 28th 2022*

По повод празникот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј, кои ги поставиле темелите на словенската писменост и литература, ја развивале културата кај словенските народи и го ширеле христијанството 24 мај, во рамките на периодот 23-28 мај 2022 година во просториите на Завод и Музеј-Штип се одржа настанот *"INTERNATIONAL FASHION DAYS"* – "Интернационални денови на модата", на кој студентите од Технолошко-технички факултет од насоката Дизајн на текстил и облека се претставија со модна исложба. Проф. д-р Марија Ќертакова во улога на ментор се претстави со модни илустрации на студентите од 4 година со тематска поткрепа за улогата и значењето на азбуката *Кирилица* и *Глаголица* како прва писмена форма на слово-македонскиот јазик. Илустрациите се во поткрепа на културното наследство на македонскиот народ и претставуваат плод на неколкумесечна посветеност и работа, поткрепени со извонредниот талент со кој располагаат студентите од оваа насока, а со кој успешно го збогатија овој моден настан.